Меѓу жени

Џон Мекгахерн

Co-funded by the Creative Europe Programme of the European Union

Проектот е реализиран од Европската комисија. Изданието ги одразува гледиштата само на авторот и Комисијата не може да се смета одговорна за каква било употреба што може да произлезе од информациите што се содржат во него.

LITERATURE IRELAND
Promoting and Translating Irish Writing

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Библиотека „Гласни ставови“

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Кристина Дукоска

Наслов на оригиналот:
John McGahern, **„Amongst Women”**

Copyright © 1990 by John McGahern
Copyright © Begemot, 2026

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Иванка Ниба

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Меѓу жени

Џон Мекгахерн

превод од англиски јазик
Кристина Димкова

Скопје, 2026

За Медлин

Како што ја губеше силата, Моран сè повеќе стравуваше за своите ќерки. Овој, некогаш моќен човек, беше толку всаден во нивните животи што тие, всушност, никогаш не го беа напуштиле Грејт Медоу, и покрај своите професии, браковите, децата, сопствените куќи во Даблин и во Лондон. Не смееја сега да му дозволат да им избега.

– Ќе мора да се соземеш, тато. Не можеш вака да тераш. Не ни помагаш. Не можеме сами да те доведеме во форма.

– Кому му е гајле? И онака кому му е гајле?

– Нам ни е. Сите ние се грижиме.

За Божиќ дојдоа сите. По Божиќ, Мона, единствената од девојките што не се омажи, секој викенд доаѓаше од Даблин. Понекогаш Шила ќе избегаше од своето семејство за да дојде со неа, па возеше дотаму неколку часа, понекогаш и сред неделата. Авионскиот билет од Лондон беше прескап за да може Меги да си дозволи да доаѓа редовно. Мајкл, нивниот помлад брат, беше ветил дека за Велигден ќе доаѓа од Лондон, а Лук, најстариот, сè уште не беше дошол. Сите три девојки планираа да дојдат за да го оживеат празнувањето на Св. Монахан. На Роуз, нивната маќеа, мораа да ѝ објаснуваат што е Св. Монахан. Пред да дојде да живее во куќата, никогаш не беше чула за него.

На крајот на февруари, во Мохил се одржуваше панаѓур во чест на св. Монахан. Секоја година на Св. Монахан Мекквејд доаѓаше во куќата. Тој и Моран се боре-

ле во истата интервентна единица во војната. Кога ќе дојдеше Мекквејд, пиеше по едно шише виски.

– Кога би можеле да го оживееме Св. Монахан, тоа би му помогнало на тато да се врати на себе. На времето неизмерно му значеше Св. Монахан.

– Мошне сум сигурна дека татко ви не бил воодушевен кога ќе видел дека му фали едно шише виски – Роуз беше сомнежлива во врска со оваа идеја.

– Никогаш не му пречеше што Мекквејд му го пиеше виските. Никој не можеше да го довлечка Мекквејд ако немаше виски.

Толку грчевито се држеа за идејата што Роуз почувствува дека не треба да им стои на патот. Моран не смееше да знае. Сакаа да биде изненадување – потрес. Спротивно на здравиот разум, сметаа дека тоа ќе го сврти текот на неговото бавно пропаѓање како некакво Божјо чудо. Беа заборавиле каква напната вежба беше Св. Монахан за целото семејство; временската дистанца му беше дала особини на величина, херојство, мистичност на крвав ритуал, нешто со што може да се зграпчи невозможното.

Изутрината на договорениот ден, Меги допатува со авион од Лондон. Мона и Шила ја пречекаа на даблинскиот аеродром и трите сестри стигнаа до Грејт Медоу со автомобилот на Мона. Не брзаа. Низ годините се беа зближиле. Раздвоени, знаеја да бидат неверојатно груби кон маните една со друга, но заедно нивните индивидуални битија се здружуваа и се зближуваа во едно единствено суштество.

Едвај дамки во пената на даблинската или лондонската плима, а заедно тие беа аристократијата Моран од Грејт Медоу, цел еден свет, ќерките на Моран. Секоја трошка вест што која било од нив ја имаше за нив самите или за нивното непосредно семејство – дете, сопруг, куче, маче, машина за садови, нов фустан или чевли,

цената на секој предмет што ќе го купеа – беше фасцинантна за секоја од нив како да е лично нејзина; и секоја ситница надвор од Грејт Медоу ги спојуваше како лепило. Заедно беа спротивност на оние жени што кимаат ли кимаат со главите преправајќи се дека се слушаат една со друга, чекајќи првиот застој на здивот да се избори со растечките болки и фалбите за нивните куќи, а додека чекаат, нетрпеливоста им се покажува на лицата. Го одминаа Малингар и се сетија дека едвај си беа кажале понекој збор една на друга. Го прекинаа патувањето кај хотелот „Лонгфорд“ за чај и сендвичи, и штом почна да слабее зимската светлина, веќе вртеа кон отворената порта под отровната тиса.

Наспроти нивната желба оваа посета да биде изненадување, Роуз му беше кажала на Моран дека ќе пристигнат.

– Сигурно мислат дека умирам.

– Сосем спротивно – го разуверуваше. – Мислат дека веќе сигурно си многу подобро.

– Како сите успеале истовремено да се ослободат од обврските?

– Сигурно така се погодило. Зар не е ова повод да се дотераш малку?

– Кому му е гајле веќе? – рече автоматски, ама се преслече во кафеавиот костум. Кога дојдоа, лицето му се вцрвени од возбуда.

Од трема веднаш му ги подадоа подароците што ги донесоа: чај, овошје, виски од фришоп – „Ќе се најде во куќата дури и никој да не го пие, а и нам можеби ќе ни притреба некоја чашка“ – дезенирана свилена марама, дебели крзнени ракавици.

– Не требало да ми купувате ништо – отсекогаш мразел да прима подароци.

– На Божиќ се жалеше дека постојано ти се ладни рацете, тато.

Во обид да го оттргне вниманието од постојано ладните раце, комично ги стави ракавиците и се преправаше како да напипува со нив низ собата, божем е слеп.

– Ракавиците се само за надвор. Изгледа возбудата ти удри малку в глава, тато. – Смеејќи се, Роуз му ги извади ракавиците, а тој се преправаше дека му требаат и за дома.

– Сè уште не сум открил што ја донесе овде војскава – рече тој кога престана смеењето.

– Зар не се сеќаваш кој ден е денес? Св. Монахан! Денот кога Мекквејд доаѓаше од панаѓурот во Мохил и ние моравме да направиме многу чај.

– Какво значење има тоа? – Колку што презираше подароци, толку презираше и копање по минатото. Продолжението на својот живот го сметаше за подарок и не сакаше тоа никако да се засенува ниту да се предизвикува.

– Мислевме дека е добар изговор, а и имавме можност сите да избегаме од обврските во исто време. Па еве сме тука.

– Ако е така, тоа е навистина беден изговор. Мекквејд беше пијан ништожник што се бореше со мене во војната. Го сожалував. Јас да не му дадев нормален оброк на Св. Монахан, тој сам во Мохил ќе пиеше до бесвест.

– Изминаа толку пат за да те видат и вака ли ќе ги пречекаш? – нежно го критикуваше Роуз. – Кому му е гајле за кутриот Мекквејд, Бог да го прости, одамна веќе не е меѓу нас.

– Кому веќе му е гајле за што било? – продолжи.

– Нам ни е гајле. И тоа многу. Те сакаме.

– Тогаш, Господ нека ви е напомош. Не обрнувајте ми внимание. Му пишав на вашиот постар брат: „Мојата способност е од мала важност во моментов“, ама

веројатно подобро ќе беше да си пишев самиот себеси, можеби побрзо ќе си одговорев.

Замолкна, се натажи и се повлече, додека вртеше со палците седнат на фотељата покрај огнот. Краткиот поглед меѓу Роуз и девојките им беше доволен за да си дадат сигнал да не го спомнуваат веќе својот постар брат. Почнаа весело да се занимаваат со подготовките за оброкот, некоја од нив постојано обидувајќи се да го вклучи Моран со некоја ситница, сè додека не успеаја со својата чудна тактика да го вовлечат во општата веселост. Кога најпосле седнаа да јадат, самиот Моран повторно го спомена Мекквејд.

– Мекквејд не беше лош човек, ама беше незгоден кога ќе се напиеше. Најинтересното нешто кај него беше тоа што беше еден од оние луѓе што имаат среќа што и да направат. Кога почна да купува, не знаеше ништо за стока. Сепак, направи богатство. Таквите луѓе секогаш подобро поминуваат во светот одошто чесните луѓе.

– Најдобриот потег му бил кога се облекол како продавач на весници и отишол да го пречека возот – колебливо рече Шила. Секоја година на Св. Монахан го слушаше ова, ама не беше сигурна дали Моран ќе дозволи да се разговара за војната. Обично стануваше сосем нем кога ќе се споменеше таа тема.

– И таму имаше среќа, а немаше храброст.

– Секогаш велеше дека ти си бил мозокот на единицата. Дека сè во што сте влегле, ти си го испланирал до најситниот детаљ – Мона се охрабри да додаде.

– Јас подолго време бев во училиште од другите. Во јазичната гимназија во Мојн. Знаев да читам мапи, да пресметувам далечини. Никогаш не би рекле, но Мекквејд, како и многумина други, беше горе-долу неписмен, иако знаеше брзо да собира и да одзема кога му беше џебот во прашање. Во тоа време лесно беше да те сметаат за паметен.

Како наеднаш да посака да им возврати на девојките за Св. Монахан, за првпат во нивниот живот отворено им зборуваше за војната. – Англичаните како да не знаеја што прават. Мислам дека само ги повторуваа истите движења што им успеале претходно. Видете ја работава со возовите. Замисли да организираш воен оркестар да го пречека полковникот среде мочуриштата, кога цела земја е крената на нозе. Ни дете не би го направило тоа.

– Нека не ве лажат. Проклета работа беше тоа. Не убивавме жени и деца како што правеа Танс[1], ама бевме група убијци. Станавме многу добри, но речиси секоја недела умираше по еден од нас. Од дваесет и двајцата мажи во првобитната единица, само седуммина беа живи за Примирјето. Никогаш не бевме сигурни дека ќе останеме живи до следниот ден. Нека не ве мавтаат. Војната беше студ, влага, цела ноќ стоење во ров до врат со кучиња трагачи околу тебе, не знаејќи како ќе успееш да го направиш следниот чекор кон крајот на долгиот марш. Тоа беше војната: не кога свиреше оркестарот и проклетиот политичар истапи напред за да положи цвеќе на земјата.

– Што добивме за возврат? Земја, ако им веруваш. Некои од нашине ојлевци-дојлевци на врвни позиции наместо неколку Англичани. Повеќе од половината од моето семејство работи во Англија. За што беше сето тоа? Целата војна беше измама.

– Велат дека по војната требало да отидеш кај самиот врв на армијата, ама те сопреле. Мекквејд секогаш велеше дека тргнале да те сопрат – рече Шила со изглумена жестина.

[1] Ирска парамилитарна организација што се борела на страната на Велика Британија за време на Ирската војна за независност во годините 1920-22.

– Навистина ме сопреа, ама не беше толку едноставно како што мислеше кутриот Мекквејд. Во мирновременски услови во армијата мораш да им ги лижеш газовите на вистинските луѓе за да напредуваш. Мене никогаш не ме бивало со луѓе. Тоа веќе би требало да го знаете – рече полукомично.

На девојките им навреа солзи во очите додека се обидуваа да му возвратат со насмевка. Роуз беше тивка и претпазлива.

– За мене и за Мекквејд војната беше најдобриот дел од нашите животи. Нештата никогаш повторно не беа толку едноставни и јасни. Мислам дека потоа не се снајдовме како што треба. Подобро никогаш да не се случеше. Се изморив. Навистина сте прекрасни што изминавте толкав пат за да посетите еден старец.

Ги извади бројниците од едно мало торбиче. Му виснаа од раката. – Како и да е, веќе не е важно ни за мене ни за вас, ама кој последен се смее во целава оваа работа, најслатко се смее. *Ние* мораме да се потрудиме да дадеме сè од себе и да се *молиме*.

Толку им се чинеше напнат и изморен што се понудија да ја кажат молитвата во неговата соба, ама тој ја одби оваа понуда. Клекна до масата, поисправен од кога било во животот.

– Ох, Боже, отвори ми ги усниве – викна. Кога стигна до посветата, подзастана небаре ја бара во себе. Потем, во ненадеен блесок, каков што понекогаш знаеше да му дојде, ги призна постојаната наклонетост и љубовта од своите ќерки, љубов што се чинеше дека не беше во неговата природа да ја возврати. – Ноќва ги нудиме светиве бројници за покој на душата на Џејмс Мекквејд.

Штом завршија молитвите, трите девојки, една по друга, го бакнаа за добра ноќ, а Роуз отиде со него до нивната соба. Девојките почнаа да се мијат и да се сре-

дуваат; наскоро беа исчистени отпадоците од вечерта за да се подготви собата за појадок.

Кога ја виде масата веќе поставена за изутрина, Роуз рече: – Да останевте тука подолго време, ќе ме разгалевте. Не знам што ќе правите вие, ама јас вечерва ќе бидам лоша и ќе си земам цигара и топло виски. Го избезумивте тато вечерва. Многу му значи што сите успеавте да дојдете.

Следното утро, безделничеа во луксузот на долготрајниот појадок, уживајќи во разговорот и топлината на собата, во погледот низ прозорецот кон болздината скрутена од слана на белото поле, во единствените остатоци зелена трева во огромните темни кругови под кипарисите, кога од дневната соба се слушна истрел од пушка. Исплашено се погледнаа една со друга и веднаш, како едно тело, трите истрчаа кон собата. Тој стоеше во пижами пред отворениот прозорец со пушка в раце и зјапаше надвор кон полето пред куќата каде што на белата почва под јасенот лежеше распарчена чавка.

– Добро ли си, тато? – извикаа.

Кога стана јасно дека е добро, Роуз викна: – Нè извади од памет, тато.

– Проклетата птица ме нервираше со денови.

– Ќе настинеш ако стоиш така пред отворен прозорец – Меги се пожали и Роуз го затвори прозорецот.

– Барем не промаши – Роуз беше решена со шега да се справи со непријатноста на ситуацијата.

– Мислам дека тато никогаш нема промашено – рече Мона.

– Најголема блискост со некој човек имам постигнато само преку нишанот на пушката и никогаш немам промашено – отсутноста и заморот во гласот одзедоа барем малку од студенилото на зборовите.

Ѝ дозволи на Роуз да ја тргне пушката, ама не пред да ја отстрани празната чаура. Се облече и појадуваше

со нив. Пушката беше вратена на вообичаеното место во аголот на собата и веќе ни збор не беше кажан за мртвата чавка.

– Пак сум изморен – едноставно кажа по еден час и си се врати во собата.

Таа ноќ, Меги имаше авион до Лондон, а Шила и Мона ја возеа до аеродромот. Двете девојки нема да се вратат дури до следниот викенд. Моран и Роуз стоеја на прагот од вратата гледајќи како заминува автомобилот. Тој болешливо мавна со раката, но не кажа ништо, а Роуз ја затвори вратата и двајцата влегоа внатре.

Св. Монахан не оживеа ништо, освен еден слабикав чуден дух од тоа што беше некогаш. По Велигден и по многубројните тревоги кога ниту една од девојките не можеше да дојде до Грејт Медоу, Роуз ја натера сестра ѝ од градот да купи кафеава францисканска одежда. И покрај тишината и празнотијата на куќата, двете жени ја прокриумчарија одеждата во неа како крадци и подоцна истата вечер, Роуз ја скри кај својата најинтимна облека во еден дел од орманот што Моран никогаш не го отвораше.

Обидот да се оживее Св. Монахан беше гест подеднакво слабикав како пар што стапува во брак за да ја поврати загубената врска, откако умот го сменил цврстиот реален факт со некаква комоција на чувствата.

Последниот Св. Монахан, кога Мекквејд беше кај нив, Моран беше на работ пред избувнување, каков што беше секој Св. Монахан, единствениот ден во годината кога Мекквејд доаѓаше во Грејт Медоу. Уште од рано изутрина, влегуваше и излегуваше од кујната каде што Меги и Мона чистеа и подготвуваа за големиот оброк. Иако Меги имаше осумнаесет години, беше висока и привлечна, сè уште чувствуваше страхопочит кон Моран како кога беше дете. Мона, две години